Скопје, 11 август 2024 година
Бр. 41- 7185/1

До
Министерството за здравство
Скопје

ИЗВАДОК
од Нацрт – записникот од Единаесеттата седница
на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 11 август 2024 година

ТОЧКА 1: Информација за дополнителни мерки за превенирање на последиците од топлотниот бран од 12 август 2024 година до 14 август 2024 година

Владата ја разгледа Информацијата за дополнителни мерки за превенирање на последиците од топлотниот бран од 12 август 2024 година до 14 август 2024 година (понеделник, вторник и среда) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ослободување од работни обврски за најранливите групи на населението: бремените жени и лица на возраст над 60 години во периодот од 12 август 2024 до 14 август 2024 година (понеделник, вторник и среда).

Во истиот период, работодавачите да ги реорганизираат работните активности на градежните работници и на работниците кои работат на отворено, со тоа што ќе се избегне вршење градежни и други работни активности на отворено во периодот од 11:00 до 17:00 часот.

2.Со оглед на фактот дека одредени ризични производни и технолошки процеси може да претставуваат дополнителен ризик по здравјето на изложените работници, се потсетуваат работодавачите на обврската за почитување на законските прописи од оваа област.

3.Во установите за згрижување на децата (градинки), да не се практикува физичка активност и да не ги изнесуваат децата на отворено во периодот од 11:00 до 17:00 часот.

Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118022
www.vlada.mk

4.Единиците на локалната самоуправа, Црвениот крст на Република Северна Македонија и Центрите за социјални работи во регионите зафатени со топлотниот бран да пружаат помош на осамени, стари, изнемоштени лица и бездомни лица.

Заменик на генералниот секретар на
Владата на Република Северна Македонија

Хасим Муртезани

Подготвил: м-р Марија Арсова - Лазаревска, советник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор

Доставено и до:
-сите државни институции
- Единиците на локалната самоуправа
- Црвениот крст на Република Северна Македонија